РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 03-121
11.04.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 53 став 2 од истиот Закон, точка 4 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1370/1 од 27.03.2025 година, а во согласност со Заклучокот арх.бр.02-1670/7 од 10.04.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 16-та седница одржана на 10.04.2025 година, го донесе следното

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1.ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското Радиодифузно Друштво (ТРД) КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 4-ти март 2025 г., во премиерното издание на актуелно-информативното говорно шоу „Thirre 21-shin (Повикај го 21)“, беше емитувана прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација за „Оптика Капри“.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-1370/1 од 27.03.2025 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, веднаш по приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата против издавач на медиум (радиодифузер) презема мерка – јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата.

Членот 53 став 2 од ЗАВМУ пропишува дека не се дозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 27-ми март 2025 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) врз телевизискиот програмски сервис на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4-ти март 2025 г., на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 53 став 2 од ЗАВМУ (недозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации). Имено, со надзорот е констатирано дека во премиерното издание на актуелно-информативното говорно шоу „Thirre 21-shin (Повикај го 21)“, преку разговор водителот кажува пофални зборови за „Оптиката Капри“, дава информации за празничните попусти по повод 7 и 8 март 2025 г., а гледачите се поттикнуваат да ја посетат оптиката за купување очила. Ваквиот новинарски пристап претставува прикриено рекламирање спротивно на членот 53 став 2 од ЗАВМУ, при што директното поттикнување за купување очила е содржано во исказите на Валон Салаи - водител

на емисијата (цитати). Повредата од точка 1 од ова Решение е детално специфицирана во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1370/1 од 27.03.2025 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, на 28.03.2025 г., испрати Допис арх.бр.10-1370/2 од 28.03.2025 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1370/1 од 27.03.2025 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен на 28.03.2025 г. Во предвидениот рок, ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ, при што Советот на Агенцијата на седницата одржана на 10.04.2025 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 53 став 2 од истиот Закон, точка 4 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 г., Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1370/1 од 27.03.2025 г. и Заклучокот арх.бр.02-1670/7 од 10.04.2025 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 10.04.2025 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје и му се наложува веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1370/1 од 27.03.2025 г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

-ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
-Управителите на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
-Одговорното лице на програмата во ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
-Секторот за правни работи и јавни набавки;
-Секторот за програмски работи и
-Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 27.03.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност Vlera: |
| 10 | 1370/1 | | |

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 март 2025 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 27 март 2025 година;

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
- **Член 50-а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на личните податоци на малолетните лица);
- **Правилник за заштита на малолетните лица – пречистен текст** (Бр. 01-4898/1 од 22.11.2024)
- **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
- **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи - пречистен текст** (Бр. 01-2970/1 од 05.07.2024);
- **Правилник за спонзорство – пречистен текст** (Бр. 01-4897/1 од 22.11.2024);
- **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
- **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа) („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14).

6. Претходно изречена мерка:

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4 март 2025 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 53 став 2** *(недозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации)* **од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

Во премиерното издание на актуелно-информативното говорно шоу „Thirre 21-shin (Повикај го 21)", преку разговор водителот кажува пофални зборови за „Оптиката Капри", дава информации за празничните попусти по повод 7 и 8 март, а гледачите се поттикнуваат да ја посетат оптиката за купување очила. Ваквиот новинарски пристап претставува прикриено рекламирање спротивно на членот 53 став 2 од ЗААВМУ.

4 март 2025 г.

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | почеток | крај |
| „Thirre 21-shin "- актуелно-информативно говорно шоу | 17:03:37 | 18:01:34 |

Директното поттикнување за купување очила е содржано во следниве искази на Валон Салаи - водител на емисијата (цитати):

Валон Салаи-водител: За сите оние што нè следат во моментов - „Оптика Капри" е една штотуку отворена оптика на улицата „Македонија" во центарот на Скопје. Оптиката нуди очила со врвен квалитет, значи врвниот светски квалитет на сите можни очила за сонце е таму. Исто така, и за очила со диоптрија, за лицата што имаат потреба од диоптрија [1];

Валон Салаи-водител: За сите оние што нè следат во моментов, вреди да напоменеме дека во „Оптика Капри", поради празниците за 7 и за 8 март, за секоја девојка, жена, мајка - има 50 отсто попуст до 9 март. (...) Сите жени и девојки добиваат 50 отсто попуст, а не сме изоставени ни ние мажите. За мажите има 30 отсто попуст[2].

---

[1] Изворно, на албански јазик: „Për të gjithë ata të cilët na ndjekin në këto momente, "Optika Kapri " është një optikë e sapohapur në rrugën "Maqedonija", pra në qendër të Shkupit. Një optikë kjo e cila ofron syze jashtzakonisht kualitative, pra kualiteti më i lartë në botë është aty i të gjitha syzeve të mundshme për syze dielli. Gjithashtu, edhe për syze të cilat kanë dioptri, për personat të cilët kanë nevojë për dioptri."

[2] Изворно, на албански јазик: „Dhe vlen të përmendet për të gjithë ata që na ndjekin në këto momente, në "Optika Kapri" për çdo vajzë, grua, nënë ka 50% zbritje deri më datë 9 mars si pasojë e festave që i kemi 7 dhe 8 marsin.(...) Rasti i këtyre, gjithë gratë dhe vajzat kanë 50% zbritje dhe s'na kanë lënë keq edhe neve djemve. Janë 30% zbritje edhe për ne djemtë."

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на телевизискиот програмски сервис на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, на 4 март 2025 година, во премиерното издание на актуелно-информативното говорно шоу „Thirre 21-shin (Повикај го 21)", беше емитувана прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација за „Оптика Капри".

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи - веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***